Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 18. 02. 2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 1161/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Никола Мицевски
Бобан Карапејовски
Нерита Ќоѓаниќ

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 173/22) се уредуваат условите на вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување со статус на сметководител и овластен сметководител, организацијата и работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, основањето и надлежностите на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, како и други прашања кои се однесуваат на вршењето на сметководствени работи.

Согласно член 30 од Законот, сметководителите, односно овластените сметководители заради надградување на знаењето од областа на сметководството се должни да посетат обука за континуирано професионално усовршување од 90 часови односно 120 часови. Во членот 64 од Законот, е уреден бројот на часови кои сметководителите и овластените сметководители имаат обврска да ги исполнат до 31 декември 2024 година. Бројот на часовите за континуирано професионално усовршување во овој член е утврден во зависност од годината кога сметководителите и овластените сметководители започнале со посета на обуката за континуирано професионално усовршување.

Заради непочитување на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители до 15 јануари 2025 година има донесено околу 3.300 решенија со кои има изречено дисциплински мерки времено бришење на сметководителите и овластените сметководители од соодветните регистри во времетраење од една година.

Значаен дел од решенијата се донесени заради неисполнување на обврската за посета на утврдениот број на часови за континуирано професионално усовршување на сметководителите, односно овластените сметководители утврден во членот 64 од Законот.

Со временото бришење на сметководителите и овластените сметководители од регистрите, истите за времетраењето на мерката (во рок од една година од бришењето) не смеат да вршат сметководствени работи. Ова значи дека сметководителите и овластените сметководители на кои им е изречена дисциплинска мерка времено бришење од соодветните регистри не можат да ги потпишат годишните сметки и/или финансиските извештаи за обврзниците за кои воделе сметководство во текот на 2024 година.

Со предложената измена и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи се овозможува сметководителите, односно овластените сметководители на кои им е изречена дисциплинска мерка времено бришење од соодветните регистри заради неисполнета обврска за континуирано професионално усовршување, да продолжат да

вршат сметководствени работи, а неисполнетите часови за континуирано професионално усовршување да ги постигнат до 31 декември 2026 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основните цели на овој предлог на закон е овозможување сметководителите, односно овластените сметководители на кои им е изречена дисциплинска мерка времено бришење од соодветните регистри, да продолжат да вршат сметководствени работи, односно да можат да ги потпишат годишните сметки и/или финансиските извештаи за обврзниците за кои воделе сметководство во текот на 2024 година.

Истовремено се одложува рокот за исполнување на неисполнетите часови за континуирано професионално усовршување да го постигнат до 31 декември 2026 година.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на Закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 173/22), во член 21 став (2) во точката 5) зборовите: „по изречени мерки во дисциплинска постапка” се бришат.

Член 2

Во член 36 став (1) точката 3) се брише.

Точките 4), 5), 6), 7), 8) и 9) стануваат точки 3), 4), 5), 6), 7) и 8).

Во ставот (2) во точката 1) зборовите: „точки 1), 2), 7) и 9)” се заменуваат со зборовите: „точки 1), 2), 6) и 8)“, а точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и”.

Точката 2) се брише.

Во точката 3), која станува точка 2), зборовите: „точки 5) и 6)” се заменуваат со зборовите: „точки 4) и 5)”.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Ставот (5), кој станува став (4), се менува и гласи:

„Против решението од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба до Министерството за финансии во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.“.

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Жалбата од ставот (4) на овој член го одлага правното дејство на решението додека одлуката донесена врз основа на жалбата не се достави на странката.

(6) Против одлуката на Министерството за финансии може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.”.

Во ставот (6), кој станува став (7), зборот „донесување” се заменува со зборот „конечноста“.

Член 3

Во член 38 во точката 5) сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 6) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 6) се додаваат две нови точки 7) и 8), кои гласат:

„7) не ја почитува обврската за континуирано професионално усовршување во согласност со овој закон и

8) не го извести Институтот за сите промени во врска со податоците содржани во соодветниот регистар во согласност со овој закон.’’.

Член 4

Во членот 39 пред зборовите: „Дисциплинската мерка – парична казна“ се додава бројот „(1)“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, дисциплинската мерка - парична казна во висина од една просечна месечна нето - плата исплатена по вработен во Република Северна Македонија за месецот во кој е изречена дисциплинската мерка му се изрекува на физичко лице, вршител на сметководствени работи, кој ќе ја повтори повредата од членот 38 став (1) точка 7) од овој закон, а за која претходно му била изречена дисциплинска мерка - јавна опомена.’’.

Член 5

Во член 40 во ставот (1) точката 1) се менува и гласи:

„продолжи да не ја почитува обврската за континуирано професионално усовршување во согласност со овој закон и покрај изречената мерка од член 39 став (2) од овој закон;”

Точката 2) се брише.

Точките 3), 4), 5) и 6), стануваат точки 2), 3), 4) и 5).

Во ставот (2) зборовите: „точки 2 и 3“ се заменуваат со зборовите: точка 2)“.

Член 6

Во член 41 став (1) во точката 4) бројот „5)“ се заменува со бројот „4)“.

Член 7

Членот 43 се менува и гласи:

„(1) Против решението на дисциплинската комисија може да се изјави жалба до Министерството за финансии во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(2) Жалбата од ставот (1) на овој член го одлага правното дејство на решението додека одлуката донесена врз основа на жалбата не се достави на странката.

(3) Против одлуката на Министерството за финансии може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.”.

Член 8

(1) Сметководител, односно овластен сметководител кој започнал со посета на часови за континуирано професионално усовршување согласно со член 64 ставови (1) и (2) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 173/22), должен е да ги исполни часовите од првиот и вториот циклус на обуки најдоцна до 31 декември 2026 година.

(2) Сметководител, односно овластен сметководител кој започнал со посета на часови за континуирано професионално усовршување согласно со член 64 ставови (3), (4) и (5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 173/22), но не можел да ги исполни предвидените часови до започнување на третиот циклус обуки, има можност часовите да ги дополни најдоцна до 31 декември 2026 година.

(3) Сметководител, односно овластен сметководител кој ги исполнил часовите за континуирано професионално усовршување согласно роковите утврдени во член 64 ставови (1), (2), (3), (4) и (5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 173/22), должен е да ги исполни часовите за континуирано професионално усовршување од третиот циклус на обуки согласно член 30 ставови (1) и (2) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 173/22), најдоцна до 31 декември 2028 година.

Член 9

Започнатите дисциплински постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 10

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, сметководителот, односно овластениот сметководител кој е времено избришан од соодветниот регистар заради изречена дисциплинска мерка времено бришење од регистар, а поради непочитување на

обврската за континуирано професионално усовршување согласно со Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 173/22), продолжува со вршење на сметководствените работи.

(2) Институтот е должен во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги упише во соодветниот регистар сметководителите, односно овластените сметководители од ставот (1) на овој член.

(3) Управниот одбор на Институтот е должен веднаш, а најдоцна наредниот ден од денот кога е извршен уписот од ставот (2) на овој член, да достави нови ажурирани податоци од Регистарот на сметководители и Регистарот на овластени сметководители до Централниот регистар, вклучувајќи ги сметководителите, односно овластените сметководители од ставот (2) на овој член.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи содржи 11 члена.

Со членот 1 од Предлогот на закон се допрецизира дека претседателот на Институтот ќе одлучува по приговори, со исклучок на приговорите по изречени мерки во дисциплинска постапка.

Со членот 2 од Предлогот на закон се брише точката 3) од ставот (1) на членот 36, односно неплаќањето на годишната членарина повеќе нема да биде основ за бришење на сметководителот, односно овластениот сметководител од соодветниот регистар. Исто така, се уредува дека против решението за бришење од соодветниот регистар, може да се поднесе жалба до Министерството за финансии, при што желбата ќе го одлага правното дејство на решението согласно Законот за општата управна постапка.

Со членот 3 од Предлогот на закон се додаваат две нови точки во членот 38, односно се уредува дека непочитувањето на обврската за континуирано професионално усовршување и неизвестувањето на Институтот за сите промени во врска со податоците содржани во соодветниот регистар ќе биде основ за дисциплинска мерка – јавна опомена.

Со членот 4 од Предлогот на закон се уредува дека на физичко лице, вршител на сметководствени работи, кој ќе продолжи да не ја почитува обврската за континуирано професионално усовршување и покрај изречената јавна опомена, ќе му биде изречена дисциплинската мерка - парична казна во висина од една просечна месечна нето - плата.

Со членот 5 од Предлогот на закон се уредува дека физичко лице, вршител на сметководствени работи, кој ќе продолжи да не ја почитува обврската за континуирано професионално усовршување и покрај изречената јавна опомена и изречената парична казна, ќе биде времено избришан од соодветниот регистар.

Со членот 6 од Предлогот на закон правно-технички се уредува член 41 став (1) точката 4).

Со членот 7 од Предлогот на закон се дава можност да се поднесе жалба до Министерството за финансии против решението на дисциплинската комисија на Институтот.

Со членот 8 ставови (1) и (2) од Предлогот на закон се дава можност на сметководител, односно овластен сметководител кој од кои било причини не успеал да ја исполни обврската за миниум посетени часови на континуирано професионално усовршување заклучно со 31 декември 2024 година, тоа да го направи до 31 декември 2026 година. Со ставот (3) се дава можност на сметководител, односно овластен сметководител кој ги исполнил сите предвидени часови заклучно со 31 декември 2024 година, да ги исполни часовите за континуирано професионално усовршување од третиот циклус на обуки најдоцна до 31 декември 2028 година.

Со членот 9 од Предлогот на закон се уредува статусот на започнатите постапки.

Со членот 10 од Предлогот на закон се уредува дека сметководителот, односно овластениот сметководител кој е времено избришан од соодветниот регистар заради непочитување на обврската за континуирано професионално усовршување, продолжува со вршење на сметководствените работи, при што Институтот е должен во рок од три дена од денот на влегување во сила на овој закон да ги упише во соодветниот регистар.

Со членот 11 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на Законот ќе се овозможи сметководителите, односно овластените сметководители на кои им е изречена дисциплинска мерка времено бришење од соодветните регистри, да продолжат да вршат сметководствени работи, односно да можат да ги потпишат годишните сметки и/или финансиските извештаи за обврзниците за кои воделе сметководство во текот на 2024 година.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 21

(1) Претседателот на Институтот ја врши својата функција професионално со полно работно време и има право на плата. Висината на платата на претседателот може да изнесува најмногу до три просечни месечни исплатени нето-плати по вработен во месец декември во претходната година согласно со податоците од Државниот завод за статистика.
(2) Претседателот на Институтот:
1) го претставува и застапува Институтот;
2) се грижи Институтот да работи согласно со закон;
3) ги спроведува одлуките на Собранието на претставници на подружниците на Институтот;
4) потпишува налози за исплата од сметката на Институтот;
5) одлучува по приговори по изречени мерки во дисциплинска постапка;
6) ја извршува одлуката донесена во дисциплинска постапка и
7) врши други работи предвидени со овој закон.
(3) За претседател на Институтот може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) има работно искуство како сметководител или овластен сметководител од најмалку пет последователни години до денот на поднесување на кандидатура;
2) е во редовен работен однос и има поднесено програма за работа и развој на Институтот за четиригодишниот мандат;
3) да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и
4) да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.
(4) Мандатот на претседателот е четири години, без право на повторен избор.
(5) Предлог за отповикување на претседателот на Институтот до Собранието на Институтот поднесуваат најмалку половина од вкупниот број на членовите на Управниот одбор или половина од избраните претставници од подружниците на Собранието на Институтот или 10% од вкупното членство на Институтот.
(6) На претседателот на Институтот за време на мандатот му мирува работниот однос, а не му мирува членството во Институтот.

### Член 36

(1) Сметководителот односно овластениот сметководител се брише од соодветниот Регистар:

1) на сопствено барање;
2) доколку при уписот во регистарот дал невистинити податоци;
3) доколку не ја плати годишната членарина;
4) доколку е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци за кривични дела против имот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност сè додека траат правните последици од пресудата;
5) доколку му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење професија или должност од областа на финансиите, платниот промет и стопанството;
6) доколку со правосилна судска пресуда му е изречена споредна казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела против работните односи, кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност сè додека траат правните последици од пресудата;
7) ако му е одземена деловната способност;
8) во случај на смрт на физичкото лице и
9) доколку физичкото лице го оствари правото на пензионирање.
(2) Со бришење од регистарот физичкото лице го губи правото за вршење на сметководствени работи и тоа:
1) трајно, во случаите од ставот (1) точки 1), 2),7) и 9) на овој член;
2) за период од три години, во случаите од ставот (1) точка 3) на овој член и
3) за периодот додека траат правните последици на судската пресуда, односно додека трае забраната во случајот од ставот (1) точки 5) и 6) на овој член.
(3) Одредбите од ставот (1) точка 3) и ставот (2) точка 2) на овој член не се применуваат доколку сметководителот односно овластениот сметководител биде избран или именуван на јавна функција за периодот додека му трае мандатот.
(4) За бришење од соодветниот регистар Управниот одбор на Институтот донесува решение кое треба да биде образложено.
(5) Против решението од ставот (4) на овој член физичкото лице може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.
(6) За бришењето од соодветниот регистар, овластеното службено лице од Институтот во рок од пет дена од донесување на решението од ставот (4) на овој член по службена должност ги известува Централниот регистар и Управата за јавни приходи.

Член 38

Дисциплинската мерка - јавна опомена се изрекува на физичко лице, вршител на сметководствени работи ако:
1) без оправдана причина не ја плати членарината во рок од три месеци по истекот на утврдениот рок за плаќање;
2) не ги чува на соодветен и правилен начин трговските/деловните книги и останатата сметководствена документација утврдена со закон;
3) без оправдани причини одбие да изврши примопредавање на сметководствена документација при престанокот на договорот за вработување кај вршителот на

сметководствени работи, односно на договорот за вршење сметководствени услуги склучен со обврзникот за водење сметководство;
4) не присуствува на две последователни седници како член на Собранието на Институтот, Надзорен одбор или Управен одбор, без претходна најава или писмено оправдание;
5) со своето однесување го нарушува угледот на сметководствената професија и
6) одбива или несовесно ги исполнува обврските определени со Статутот и актите на Институтот.

Член 39

Дисциплинската мерка - парична казна во висина од 30% од една просечна месечна нето - плата исплатена по вработен во Република Северна Македонија за месецот во кој е изречена дисциплинската мерка му се изрекува на физичко лице, вршител на сметководствени работи, кој ќе ја повтори истата повреда за која претходно му била изречена дисциплинска мерка - јавна опомена.

Член 40

(1) Дисциплинската мерка - времено бришење од соодветниот регистар во траење до една година, му се изрекува на физичко лице вршител на сметководствени работи ако:
1) не ја почитува обврската за континуирано професионално усовршување во согласност со овој закон;
2) не го извести Институтот за сите промени во врска со податоците содржани во соодветниот регистар во согласност со овој закон;
3) предизвика очигледна материјална штета на субјектот каде е вработен при вршењето на сметководствените работи;
4) несовесно и нестручно врши сметководствени работи без почитување на прописите и Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители;
5) потпише годишна сметка/финансиски извештаи и даночни пријави/биланси за обврзник за водење на сметководствени работи со кој нема склучено договор за вработување на полно или скратено работно време;
6) потпише годишна сметка и даночни пријави за обврзник за водење на сметководствени работи за кој друштвото за водење на сметководствени работи и/или трговецот-поединец сметководител или овластен сметководител каде што е вработен нема склучено договор за вршење на сметководствени работи.
(2) Сметководител, односно овластен сметководител може да поднесе барање за упис во соодветниот регистар во Институтот по истекот на периодот за кој е избришан согласно со членот 36 став (2) точки 2 и 3 од овој закон.

Член 41

(1) Дисциплинската мерка - бришење од соодветниот регистар и одземање на уверението на сметководител односно овластен сметководител се изрекува ако:

1) врши сметководствени работи за времетраењето на мерката времено бришење од соодветниот регистар;

2) го поставува личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот на професијата сметководител;

3) оддава информации стекнати при вршење на сметководствените работи односно со истите постапува спротивно на членот 24 став (2) од овој закон;

4) го повтори прекршокот од членот 40 став (1) точка 5) од овој закон;

5) одбива да даде податоци на државни органи, правни лица и на граѓани, доколку давањето на податоците е пропишано со закон и

6) дава неточни податоци на државни органи, правни лица и на граѓани, доколку давањето на податоците е пропишано со закон.

(2) Сметководител, односно овластен сметководител, може да поднесе барање за полагање на испит за стекнување на статус на сметководител, односно овластен сметководител по истекот на две години од денот на бришењето од соодветниот регистар.

Член 43

Против решението на дисциплинската комисија со кое се изрекува дисциплинска мерка може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.